Туристичка Агенција ``**ТЕРРА ТРАВЕЛ СКАЈ**`` ул. Козле бр.88 лок 4 – Скопје
Тел: +389 2 3100 199 / 3100 177
**Лиценца А Рег.Број:13-5859/2**
www.terratravel.com.mk terratravel@terratravel.com.mk

**Автобуска програма**

**07.12.2023 четврток Скопје - Букурешт**

**Собир на групата пред хотел Русија. Поаѓање кон Романија во 19 часот. Ноќно возење преку Бугарија.**

**08.12.2023 петок Букурешт**

**Очекувано пристигнување во утринските часови во Букурешт по што веднаш се започнува со разглед на градот.**

## Парламентот

**Започнуваме со разглед на Букурешт со водич и се упатуваме кон најголемата зграда во Европа – Палатата на Парламентот или како што порано иронично била именувана Палата на народот. Слободно време за фотографирање со импозантното архитектурно дело.**

## Плоштадот на Револуцијата

**Плоштадот на Револуцијата е следното место на посета. Тука ќе се запознаваме со неизбежната богата историја на Букурешт. Овој плоштад стана светски познат кога ТВ станиците насекаде низ глобусот ги пренесоа последните моменти на власт на Николај Чаушеску. Точно тука, од својот балкон на поранешните простории на Комунистичката партија, тој сведочеше во неверување како бесната маса на луѓе се свртува против него. Протестот избега од контрола, а Чаушеску избега од него со својот хелихоптер. Плоштадот е опколен со важни знаменитости: Кралската Палата која денес е Национален Музеј на уметност, Романскиот атенеум кој е седиште на филхармонијата, Централната Универзитетска библиотека, црвената црква Крецулеску и почетокот на фамозната авенија Викторија.**

## Calea Victoriei

**Продолжуваме со кратко возење по авенијата Calea Victoriei, најстарата и најшармантната улица, порано позната како "Големата Улица „ или „Брашов пат" заради тоа што била дел од трговската рута која водела од Букурешт до градот Брашов, во Трансилванија. Оваа улица е идеалната рута по која се гледаат најважните историски знаменитости и споменици на архитектурата кои го претставуваат Букурешт: Палатата ЦЕЦ, Националниот музеј на Историја, Палатата на националниот војнички круг, Музејот на уметност и секако плоштадот Викторија со своите атракции. Паралелно од нас мирно тече притоката на Дунав, реката Дамбовица. Повторно застануваме на еден од најголемите плоштади во центарот на градот, плоштадот Унири, од каде ги посетуваме Митрополитската црква- Патријаршијата, инспирирана од манастирот Куртеа де Агрес, со византиски ентериер и импозантни иконостаси, како и седиште на врховниот водач на православната Романска црква.**

## Куртија Веке

**Слободно време за разглед на најстариот дел од градот Куртија Веке, изграден во периодот на владетелот Влад Цепеш Трети – Дракула, проширен во денес познатата шармантна област Липскани. Во историскиот дел од оваа област во кој се пронајдени докази за староседелците на Bukuresti, се верува дека подземно имал зандани во кои Влад Дракула ги чувал своите затвореници. Денес на тоа место се останати аркади, гробници, коринтска колонада и стари ѕидини како и најстарата Црква, која 2 века служела за крунисување на Романските принцови. Остатокот од областа Липскани може да се дефинира како срцето на Букурешт. Од средниот век се до 19от век била најважната комерцијална област во целиот град и пошироко. Овде најавтентично се чувствува живописниот карактер на градот, контрастите на старо и ново, на исток и запад, транзициите низ кои минува како и неговиот потенцијал.**

**Сместување во хотел. Слободно време за одмор.**

**Вечерна организација: Организирана посета на Божиќен базар, со организиран превоз и придружник - (Факултатива - 5 евра)**

**Враќање во хотел. Ноќевање**

**09.12.2023 сабота Пелеш, Бран и Брашов**

**Појадок. По појадокот се упатуваме на факултативен излет кон Трансилванија. Посета на преубавиот замок Пелеш, замокот Бран и магичното гратче Брашов.**

## Пелеш

**Во прекрасниот планински пејзаж на Карпатите е сместена една од најдобро зачуваните Кралски палати, на постоечка средновковна патека помеѓу Трансилванија и Влашка, изградена во Нео-ренесансен стил- грандиозната палата на замокот Пелеш. Изградена да служи како летна резиденција на првиот Румански крал, е комбинација од различни класични Европски стилови, воглавно ја следи италијанската елеганција, германската естетика и ренесансните линии. На 3,200 квадратни метри површина се простираат 30 купатила и 170 соби уредени и категоризирани по стил или по одредена светска култура, а во нив, галерии, библиотеки, канцеларии. Самиот дворец поседува една од најубавите колекции на уметност во Источна и Централна Европа составена од статуи, слики, оружје, мебел, сликано швајцарско стакло, таписерии, кинески порцелан... Преку 6,000 парчиња кои ви го одземаат здивот.**

**БРАН “домот на Дракула”Бајковитиот замок Бран, според легендарниот роман на Брам Стокер – домот на Дракула. Историски замокот прв пат е користен за одбрана против Отоманската империја, а подоцна станал место за царина на планинскиот премин помеѓу Трансилванија и Валахиа(Влашка). Владетелот и воин Влад Цепеш никогаш не живеел во овој замок, но се верува дека во времето на контрола од Отоманската империја, поминал два дена затворен во занданите на замокот. Од 1920год. замокот станува Кралска резиденција и дом на Кралицата Мари, чија ќерка го наследила за подоцна да биде превземен од комунистичкиот режим. По новите воведени закони во 2006, Романската Влада одлучила да му додели сопственишто на замокот на Тосканскиот принц и војвода од Австрија – Доминик Вон Хапсбург, кој по дилемата да го продаде, се одлучил да го создаде денешниот музеј – посветен на темната легенда за Дракула, митовите, интригите историјата и магијата на ова место.**

**Брашов**

**Лоциран во централна Романија. Брашов уште се нарекува и "Градот на Саксонците" и е еден од нејзините најголеми градови опколен со јужните Карпати.Стариот град како дел од Брашов е еден од најдобро зачуваните во цела Европа и несомнено вреден да се истражи. Фантастичната архитектура ја пренесува историјата и влијанијата од Германија, Австрија, Унгарската империја и старата комунистичка држава. Основан е од тетонските витези и развиен од Саксонците, познати ракотворци, кои ги издигнале тврдините на градот, неодамна обновени од Унеско. Градот има најмалку два влеза/ порти кои се уште постојат. Центарот е најзабележлив по маркантната поранешна административна зграда, Casa Sfatului, плоштадот кој ја опколува како и една од најстарите куќи, Хиршер Хаус, сопственишто на богат трговец. Во близина ќе ја посетиме и Црната Црква, за која некои тврдат дека е најголемата црква изградена во готско-ренесансен стил во Југо-Источна Европа. На нејзино место постоела друга црква уништена од Монголската инвазија во 1242 год.**

**Враќање во хотелот во Букурешт во доцните вечерни часови.**

**Ноќевање.**

**10.12.2023 недела Термални Бањи - Скопје**

**Појадок,**

**Напуштање на хотелот.**

**Околу 10 часот факултативно заминување кон Термалните Бањи кои се наоѓаат во Северниот дел на Букурешт на само 30 км од ценарот на градот.**

**Дозволете си едно поинакво утро и 3 часовно целосно опуштање во Термалните Бањи.**

**Располага со 9 базени со термални води, 6 сауни, 4 парни бањи и 16 лизгалици на вода. Во склоп на самата бања има прекрасна ботаничка градина со преку 800.000 растенија, вклучувајќи ги и 1,500 палми, многубројни орхидеи и многу други уникатни видови на растенија. Идеално место за да избегнете од секојдневниот градски живот.**

**За сите останати што нема да ги посетат Термалните бањи имаат слободно време во трговскиот центар.**

**Поаѓање за Македонија во 15:00ч.**

**Очекувано пристигнување во Скопје, во раните утрински часови на 11.12.2021 Понеделник.**

# Промо цена 139 евра до 31.10.2023

# Цена на аранжманот 179 €

## Во цената на аранжманот е вклучено:

- **Автобуски превоз на релација Скопје- Букурешт– Скопје**
- **2 Ноќевања со појадок во Хотел 3***
- **Разглед на градот Букурешт со водич**

- **Пратител и организација на патувањето**

## Во цената на аранжманот не е вклучено:

- **Факултативна вечерна организација (посета на Божиќен пазар, со организиран превоз и придружник) - 5€**
- **Факултативен излет „Трансилванија“ : Посета на замокот Пелеш со вклучена влезница и посета на местото Бран со истоимениот Замок на Дракула( Влезницата за замокот не е вклучена. Цената за возрасни 40 леи за студенти 25 леи) и посета на градот Брашов (со превоз и пратител) – возрасни 45€ - студенти 35€**
- **Факултативна посета на Термалните бањи во Букурешт (40 евра превоз и влезница за бањите со користење на сите простории за 3 часа.)**

- **Патничко осигурување**

- **Туристичка такса 4 евра по лице се плаќа во автобус**